**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

## за V одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Англиски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Мојот мал свет: семејство, дом, пријатели***<br>● ***Мојот надворешен свет: училиште, непосредна околина, интереси, слободни активности***<br>● ***Наша населба, наш град/наше село, наш свет***<br>● ***Наша планета, наше здравје, наша иднина*** |
| **Број на часови** | 3 часа неделно / 108 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ● компјутер, печатач, проектор, табла, постер<br>● фотографии, слики, предмети, флеш карти, стикери<br>● материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери. |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик – VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени четиригодишни студии на студиската програма македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-А.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата **Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | |

| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***МОЈОТ МАЛ СВЕТ: СЕМЕЈСТВО, ДОМ, ПРИЈАТЕЛИ***
Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Зборува за домот, семејството и пријателите поврзувајќи низа куси едноставни реченици во мисловна целина;
2. Опишува и споредува луѓе и предмети користејќи присвојни придавки, присвојни заменки, долги заменски форми, показни заменки и форми за компаратив од еднослoжни и двосложни описни придавки;
3. Чита и разбира едноставни искази и куси дијалози на најнепосредни теми поврзани со семејството и пријателите;
4. Пишува одговори на прашања за кус опис на личност.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• Претставување и опишување на домот и презентирање на членовите од потесното и поширокото семејство, како и пријателите;<br>• Споредување и контрастирање преку давање описи. | • Иницира и учествува во дијалог во кој се разменуваат општи лични информации, како и информации за членовите на семејството и пријателите;<br>• Поврзува неколку едноставни речници во низа користејќи соодветни форми на глаголите *TO BE* и *HAVE (GOT)* во *Present Simple Tense* за да го претстави/опише домот, семејството и пријателите;<br>• Поставува едноставни прашања за да продолжи дијалог за местото на живеење, семејството и пријателите;<br>• Користи определен број еднослoжни и двосложни описни придавки за да опише предмет, животно или нечиј карактер;<br>• Препознава и одговара на прашања за опис на карактер;<br>• Споредува две нешта користејќи степенување на придавки. |
| б) Лексички единици:<br>• инструкции: *answer, question, dialogue, conversation;*<br>• семејство: *daughter, son, husband, wife, man, woman, grandma/granny, grandad/ grandpa,* | • Препознава значење и соодветно одговара на дадени усни и/или писмени инструкции;<br>• Користи зборови со кои се именуваат членови од потесното и поширокото семејство;<br>• Слухово препознава лексички единици поврзани со опис и изглед на личност; |

| | |
|---|---|
| *auntie/ aunt, uncle, great-grandmother, great-grandfather, stepmother, stepsister, stepbrother, stepfather, niece, nephew, twins;*<br>● Облека: *jacket, shirt, T-shirt, shoes, trousers, jeans, skirt, blouse, jumper, hat, glasses, sunglasses, shorts, dress, coat, sportswear.*<br>● Описни придавки: *chic, stylish, fashionable, modern, gray, smart, bright, handsome, tall, short, slim, fit, athletic, smart, friendly, outgoing, huge, blended, safe, equal, welcomed).* | ● Опишува (усно и/или писмено) личност користејќи соодветни именки за облека и/или описни придавки за моден стил;<br>● Разликува значење на одреден број описни придавки за опис на карактер;<br>● Применува англиско писмо за правилно да ги напише новоусвоените лексички единици. |
| в) Граматички структури:<br>● Член: определен, неопределен член и отсуство на член.<br>*(An apple a day keeps the doctor away.*<br>*The apple smells delicious.*<br>*Apples are good for your health.)*<br>● Броеви од 1 до 100 како и *one hundred, one thousand, a million*;<br>● Присвојни придавки и присвојни заменки *(my-mine, your-yours, his-his, her-hers, its, our-ours, their-theirs);*<br>● Долги заменски форми (*me, you, him, her, us, them);*<br>● Заменка (*all*);<br>● Показни заменки (*this - these*);<br>● Форми за компаратив на еднослoжни и двосложни придавки (*I'm taller than my brother. / She is friendlier than her sister.);*<br>● Прилог *(also);* | ● Разликува определен од неопределен член и препознава отсуство на член во даден исказ;<br>● Слухово препознава, изговара и текстуално пишува броеви од 1-100, како и 1000 и 1000 000;<br>● Прави разлика помеѓу присвојни придавки и присвојни заменки во еднина и множина и правилно ги употребува во даден контекст;<br>● Споредува двајца луѓе/две групи составувајќи куси едноставни реченици кои содржат форми за компаратив од еднослoжни и двосложни придавки, како и долги заменски форми;<br>● Користи соодветна показна заменка во еднина или множина и соодветна форма на глаголот *to be* во *Present Simple Tense* за да состави речница со која се опишува нешто;<br>● Поврзува две едноставни реченици во мисловна целина користејќи го прилогот *also* во втората реченица со цел да се додаде информација;<br>● Применува соодветна форма на глаголот *have got* во прашални, потврдни и одречни реченици;<br>● Разликува куса форма од глаголот *to be* во *Present Simple Tense* и кратка форма од помошниот глагол *have* за трето лице еднина;<br>● Прави разлика и правилно ги користи усно и писмено прашалните зборови *Whose, Which, How,* и одговара на прашања кои ги вклучуваат овие прашални зборови; |

| | |
|---|---|
| ● Форми на глаголот *'to be'* во *Present Simple Tense* (*am/'m, is/'s, are/'re, am not, is not/isn't, are not/aren't* ) во потврдна, одречна и прашална форма;<br>● Кратки и долги форми на глаголот *have got ('ve got, has got/'s got, haven't got, hasn't got);*<br>● Прашални зборови (*Whose, Which, How*);<br>● Прашања за опис на карактер со *like (What is he/she like?).* | ● Составува усни и/или писмени одговори на прашањето за опис на карактер и го применува прашањето во дијалог. |
| г) Интеркултурни содржини:<br><br>● Кодекс на облекување на учениците во типично британско училиште;<br><br>● Развивање свесност за еднаквост помеѓу учениците без разлика на различностите. | ● Користи зборови за одредени парчиња облека за да го опише кодексот на облекување на учениците во Велика Британија;<br>● Го опишува кодексот на облекување на учениците во Република Северна Македонија;<br>● Составува реченици по однапред зададен модел со кои се искажува еднаквост;<br>● Учествува во разговор на тема „Сите различни, сите исти“ (*All different, all equal*) користејќи го новоусвоениот вокабулар. |

**Примери на активности:**

- Се изработува семеен колаж – *'My Family Album'* од фотографии, исечоци од списанија, печатени слики, за учениците да усвојат вокабулар поврзан со членови на потесното и поширокото семејство.
- *'This is my Family Tree'* – ученикот ги споредува членовите на своето семејство во предходно изработено семејно стебло користејќи степенување на придавки, на пр. *Sarah is two years older than me. She is also taller and stronger than me.*
- На прикажана слика на позната личност се поставува прашањето *What is her/his fashion style?*, при што учениците ја опишуват личноста користејќи соодветни именки за облека и/или описни придавки за моден стил.
- *Roll the dice, describe your friend* - учениците преку игра со коцка , фрлаат и составуваат кратки реченици со изучениот вокабулар за опис на облека и граматика од глаголот *to be* и *have got* - *Sara's got very fashionable clothes. Her jacket is chic. Her grey trousers are modern.*

- Поделени во мали групи, учениците се натпреваруваат во дадениот временски рок да состават што повеќе едноставни описни реченици, на пр. *These are my friends/ That is my book,* користејќи соодветни показни заменки во еднина и/или множина и соодветна форма на глаголот *to be* во *Present Simple Tense*.
- *'Guess whose it is'* – Неколку ученици ставаат во торба нивни предмети (училиштен прибор), а потоа останатите еден по еден извлекуваат предмет и погодуваат чиј е користејќи соодветна присвојна придавка. (на пр. *It's his pencil. It's my ruler. It's her pencil-case.*)
- *'Monster Mash'* – уениците работат во парови. Едниот ученик има слика од чудовиште кое треба да му го опише на својот партнер формулирајќи реченици кои содржат кратки/долги форми на глаголот *have got* и описни придавки (*It has got a long body. It has three arms. It hasn't got any hair*.) Другиот ученик се обидува да го нацрта она што го слуша за потоа да ги споредат цртежите со куси едноставни прашални реченици. (*Has your monster got hair?*)
- *'Name the pictures'* – на дадениот наставен лист со фотографии од предмети во еднина и множина, учениците во парови се натпреваруваат кој правилно ќе ги именува зборовите користејќи соодветната форма на определен/неопределен член или отсуство на член.
- *'Say the number'* – учениците наизменично пишуваат број на табла (1-100, 1000, 1000000), а нивните другари се обидуваат да го изговорат правилно за нивниот тим да добие поен.
- Учениците составуваат краток дијалог од куси едноставни реченици со правилна употреба на прашалните зборови *Whose, Which, How*. (на пр. *A: Whose jacket is this? B: This jacket is his./ A: How old is your sister? B: She is eleven years old.*)
- Двајца ученици стојат, а наставникот дава придавка со која останатите ученици во одделението треба да состават реченица споредувајќи ги двајцата ученици. *(tall - Goce is taller than Esma. Arlinda's hair is longer than Maya's hair.)*
- Учениците учествуваат во разговор на тема „Сите различни, сите исти“ (*All different, all equal*) користејќи го новоусвоениот вокабулар, а потоа заеднички илустрираат постер на иста тема.
- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

  *My cousin Monica lives in Edinburgh, Scotland. She doesn't have a husband.*

  *David is my best friend. His stepmother is very nice. He has a stepsister too, Liza, and she is a toddler.*

  *My niece Lina is so beautiful. She's got dark hair, fair skin and blue eyes. She's tall and fit.*

  *A: Hello, are you Jonas?*

*B: Good afternoon, Sir. Yes I am Jonas, Jonas Darby. Are you our new Science teacher?*
*A: No I'm not, Jonas. This here is Mr.Aubrey. He is your new Science teacher. He starts with his classes first thing tomorrow.*

*Hi, My name is Alice. This is my family. My mum's name is Anna and my dad's name is Tom.*
*That is my little sister Zara. I haven't got a brother. My grandma and grandpa live in a nearby house. My uncle Joe lives with them too.*

*These are my friends, Sandra and Bobby Gibson. They are both vegetarians. They don't eat meat, they only eat healthy food, soy milk, and lots of fruit and vegetables. Bobby is a tennis player. He is an outgoing and funny person. He dresses well and wears sports outfits. Sandra is also very chic. She wears stylish skirts, lots of accessories and trendy shoes.*

*I've got two sisters. Sarah is two years older than me. She is also taller and stronger than me, maybe because she is an athlete. She practices sports and runs 5 times a week. My younger sister is more into computer games and technology. She is the quiet one in our family but she is smarter than everyone else. Her name is Emily.*

*Joshua has a huge family. He's got 2 younger brothers and an older sister. His aunt and uncle also have 4 children: The twins, Andy and Susanne and two younger boys, Jimmy and Brian. Andy is a very smart boy. He is brighter than all of his brothers. Susanne is very beautiful and also very funny girl. I love all of them very much.*

*A: Whose laptop is this?*
*B: This laptop is his.*

*A: How old is your best friend?*
*B: He is eleven years old. / He is eleven. He's older than me.*

*A: My mum is 36 (thirty-six). My dad is 45 (forty-five). I'm 11. What about you?*
*B: Me too. I am 11 years old.*

*A: Hello, I am Laura. This is my daughter Sue. She is 9. That boy over there is my son Tony. Tony is older than Sue. He is 12 and a half.*
*B: Is that boy in the grey trousers Tony?*
*A: No. Tony's got blue jeans and a white T-shirt.*

*I’ve got a skateboard and a helmet. My skateboard is silver and my helmet is red.*

*Denis’s got a dog. The dog is a German shepherd. It’s huge, gray and looks like a wolf.*

*I am a student. This is my book. This school bag is mine. It belongs to me.*

*A: Which bag is yours? Is it this one?*
*B: No, it isn’t. This is Maya’s bag. Her bag is bigger than mine.*

*I live in a huge, blended family. My stepmom and my step sister live with me, my dad and my brother Timothy. My stepmom is pregnant and we are all so excited. The worst thing about having a blended family is that there are a lot of rules in our house. But, the best thing about our family is that we have lots of fun too.*

- Учениците учествуваат во разговор на тема „Сите различни, сите исти“ (*All different, all equal*) користејќи го новоусвоениот вокабулар, а потоа заеднички илустрираат постер на иста тема.

- Примери за читање со разбирање на интеркултурни содржини:

*Most children wear a school uniform when they are at school. In some schools children must wear jackets and ties. In other schools the uniform is more casual.*

*All boys and girls must feel welcomed, equal and safe in the learning environment.*

*All feelings are human.*

| Тема: ***МОЈОТ НАДВОРЕШЕН СВЕТ: УЧИЛИШТЕ, НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА, ИНТЕРЕСИ, СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ***<br>Вкупно часови: **27** |
|---|

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Иницира и учествува во секојдневен едноставен разговор со луѓе од непосредната околина;
2. Искажува ден, месец и час и опишува рутински активности поврзани со училиштето, личните интереси и хоби;
3. Зборува за дејства кои се случуваат во моментот на зборувањето, како и да искажува идни намери и планови;
4. Пишува кус дијалог и/или исказ за да опише секојдневни училишни или слободни активности.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● Неформален секојдневен разговор, отпоздравување и иницирање дијалог**;**<br>● фрази и искази поврзани со начини за искажување на час (време) и датум;<br>● описен приказ на интереси поврзани со училиште, слободни активности, хоби;<br>● давање/барање на конкретна информација;<br>● искази кои опфаќаат активности и дејства кои се случуваат во моментот на зборувањето;<br>● искажување на идни намери и планови. | ● Употребува формални и неформални поздрави и едноставни прашања за отпочнување секојдневен дијалог/разговор;<br>● Одговара на едноставни секојдневни прашања во *Present Simple* и *Present Continuous Tense* од определен број најчесто користени глаголи со цел да го продолжи дијалогот;<br>● Разликува прашања за ден, датум и час и дава одговори користејќи соодветни лексички единици за денови од неделата, месеци, редни броеви и предлози за време;<br>● Составува едноставни речници во *Present Simple Tense* за да опише рутинска активност, училишна обврска или активност од личен интерес;<br>● Составува едноставни речници во *Present Continuous Tense* за да опише дејство кое се случува во моментот на зборување;<br>● Прави разлика помеѓу дејства кои се случуваат во моментот на зборување и дејства со кои се искажуваат идни намери и планови;<br>● Формулира прашања во *Present Simple* и *Present Continuous Tense* за да побара конкретна информација; |

| | |
|---|---|
| | |
| б) Лексички единици:<br>● фрази за искажување временски интервали: *in the morning; in the afternoon; in the evening, at night; at noon; a.m./p.m, on weekdays/at the weekend, on Mondays, in summer/winter;*<br>● фрази за искажување точно време: *hour, minute, second, day, week, quarter to, quarter past, half past;*<br>● денови од неделата*: Monday, Tuesday, Wednesday, Thursday, Friday, Saturday, Sunday;*<br>● колокации*: spend time, waste time, save time, make time for, take time, pass time, book a ticket, go to a concert, sing karaoke, pick up your books, afraid of;*<br>● месеци*: January, February, March, April, May, June, July, August, September, October, November, December;*<br>● слободни активности*: concert, singer/performer, teenager, pop star, movie/film, cinema, theatre, ticket;*<br>● описни придавки: *unusual, excited, interesting, important, complicated, common, powerful;*<br>● училиште и училишни предмети: *course, dictionary, look up, translation, subject, lesson, online Science, Math, History, Music, Languages (German, Spanish, English), Art, Internet, Zoom meeting, headmaster.* | ● Разликува значење на прилошки определби за време и правилно ги применува во контекст;<br>● Опишува секојдневни активности и дејства кои се случуваат во моментот на зборување користејќи новоусвоени описни придавки, изрази за време, месеци, датум и час;<br>● Препознава и применува правописни правила за да напише едноставни реченици кои вклучуваат ден, месец, датум или час;<br>● Користи колокации за да состави (усно и писмено) едноставни реченици во прашална, потврдна и одречна форма кои содржат лексички единици поврзани со училишни предмети и слободни активности; |

| | |
|---|---|
| в) Граматички структури:<br>● глаголски форми за сите лица во еднина и множина во *Present Simple Tense* во потврдни, одречни и прашални реченици;<br>● глаголски форми за сите лица во еднина и множина во *Present Continuous Tense* во потврдни, одречни и прашални реченици;<br>● глаголски форми за сите лица во еднина и множина во *Present Continuous Tense* во потврдни реченици со идно значење.<br>● редни броеви (*1st-first, 2nd-second, 3rd-third, 4th-fourth, 5th-fifth, 6th-sixth, 7th-seventh, 8th-eight, 9th-ninth, 10th-tenth, 11th-eleventh, 20th-twentieth, 25th-twenty-fifth, 30th-thirtieth, 31st-thirty-first);*<br>● предлози за време *(in, on ,at)* и за предмет во реченица *(about);*<br>● прилози за време (*always, sometimes, often, usually, never, now, at the moment, tomorrow, tonight, this afternoon).* | ● Препознава куси и долги форми на помошните глаголи во *Present Simple* и *Present Continuous Tense* за сите лица, и ги користи соодветно во усна и писмена продукција;<br>● Користи различни форми на глагол во *Present Simple Tense* во прашални, потврдни и одречни реченици за да опише рутинска активност, училишна обврска или слободна активност;<br>● Користи различни форми на глагол во *Present Continuous Tense* во прашални, потврдни и одречни реченици за да опише дејства кои се случуваат во моментот на зборување;<br>● Препознава употреба на *Present Continuous Tense* за изразување идни планови и намери и составува потврдни реченици во *Present Continuous Tense* за да ги изрази своите идни планови и намери;<br>● Применува правописни правила кога ја додава наставката *-ing* на определен број глаголи во *Present Continuous Tense;*<br>● Правилно ги пишува со букви редните броеви до 31 и ги употребува во контекст вклучувајќи определен член;<br>● Применува соодветен предлог за време кога изразува ден, датум и час;<br>● Го препознава и користи предметот во реченица *about* за да побара/даде конкретна информација;<br>● Разликува значење на прилози за време и ги користи соодветно во едноставни реченици во *Present Simple* и *Present Continuous Tense.* |
| г) Интеркултурни содржини:<br>• Учтивост како карактеристична британска социјална етика/норма;<br>• Основни факти за кралицата на Велика Британија, Елизабета II. | ● Разликува учтива од неучтива комуникација според британски стандарди;<br>● Поставува учтиви прашања и учтиво се заблагодарува за одговорот;<br>● Одговара на едноставни прашања по прочитани основни факти за британската кралица. |

**Примери на активности:**

- *'Time flies when you are having fun'* - учениците во своите групи добиваат флеш карти со точно време и флеш карти со нацртан часовник со дадено време. Тимовите се напреваруваат кој прв ќе ги поврзува точното време со точно нацртаниот часовник.

- *'Let's act out'*- учениците во парови пишуваат куси дијалози за секојдневни ситуации користејќи новоусвоени прилошки определби за време и едноставни прашања за отпочнување на секојдневен разговор. *(A: Good afternoon Mrs. May! How are you today? B: Oh, Ana, good afternoon to you too! I'm fine, thank you. I am going to the mall. Do you need a ride? A: No thank you, I'm fine. I am waiting for Mary. We are going for a walk in the park.)*
- Весела математика - учениците прават мини табела и пресметуваат колку траеле три до пет активности кои ги правеле во текот на денот. Пр. почнав да пишувам домашна во 14.30 и завршив во 15.45; гледав филм од 19.00 до 21.15 - *one hour and fifteen minutes for homework, two hours and fifteen minutes watching TV.*
- *'Match the number with the important date'* – со поделени флеш карти со напишани значајни датуми *(1$^{st}$of January. 8$^{th}$of September. 9$^{th}$of May)* и илустрирани значајни настани *(New Year's Eve, Independence Day, Europe Day)* паровите се натпреваруваат кој прв ќе ги поврзува за потоа да составуваат кратки едноставни реченици со примена на правописни правила кои вклучуваат ден, месец или датум. *(New Year's Eve is on the 1$^{st}$ of January. My birthday is on the 17$^{th}$ of May. Independence Day is on the 8$^{th}$ of September.)*
- Учениците играат *Mirror Game* во парови, при што едниот покажува мимика на секојдневно дејство, а другиот одгатнува за која активност се работи. Добиваат поен само доколку реченицата што ќе ја напишат е со точна форма на *Present Simple Tense*. (на пр. *He is writing a letter. /She is eating a burger.*)
- *Mimes plus Two* - од дадениот список со илустрирани секојдневни дејства еден ученик во парот со мимика покажува едно дејство (*taking a shower, singing, dancing*). Другиот ученик усно опишува што прави неговиот другар во моментот и колку често го прави тоа во неделата (со даден прилог за време), при што правилно употребува *Present Simple* вклучувајќи го дадениот прилог за време. (*She is taking a shower now. She takes a shower every morning. / He is dancing at the moment. He always dances.*)
- *Words competition* - На даден текст со изоставени зборови, учениците погодуваат кој збор (колокации) недостасува. *(In my ………time I listen to music. She ……….time watching youtube videos.)*
- Учениците составуваат краток дијалог по дадени слики со едноставни речници во *Present Continuous Tense* за да опишат дејство кое се случува во моментот на зборување: *What is she doing? She is singing karaoke.*
- *Next Week Schedule* - учениците составуваат кратки реченици по дадени фотографии и календар со активности за следната недела користејќи *Present Continuous Tense* за искажување идни планови и соодветен прилог за време.
- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

  *A: Good afternoon Mr. Osborne! How are you today?*

  *B: Oh, Brian, good afternoon to you too! Same old, same old, thank you. I am going to the mall. I need to pick up my dry cleaning. Do you need a ride?*

  *A: No thank you, I'm fine. I am waiting for my friend Jimmy, we are going for a walk in the park.*

  *A: Excuse me teacher, how much time do we have for the test?*

  *B: Well, it's quarter past eight now.(8:15) am*

*The test finishes at half past nine. (9:30)am*
*A: Thank you!*
*What time is it?*
*It’s (a) quarter to ten. (9:45) pm.*
*It’s half past six. (6:30)*

*A: What date is it today?*
*It’s the fifteenth of June./It’s June the fifteenth.*

*Europe Day is on the 9th (ninth) of May.*
*New Year’s Day is on the first of January.*

*A: When is your birthday?*
*B: It’s on the sixth of December.*
*A: How nice, a snowy birthday!*

*June is a month after:*
*a) July b) May*
*October is a month before:*
*a) September b)November*

*How many minutes are there in an hour? There are 24 hours in a day. There are seven days a week.*

*It’s Monday today and we have six classes at school. History, Math, Science and 3 classes of Languages, German and Spanish. I like Science a lot, but I don’t like Math. It’s too complicated.*

*My favourite subject is German. German lessons are interesting. We use a dictionary, we look up new words and then translate them in English. It is a very important subject. People who want to learn more take German language courses.*

*Alex loves music. Her favourite singer is the teenage pop star, Billie Eilish. She performs electropop music. Alex always listens to her music and watches her online concerts.*

